ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# *ВОДИЧ*
## *ЗА ИНТЕРНЕТ ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА*



Скопје, април 2020год.

## 1. За кого е наменет Водичот за интернет заштита и безбедност на децата

***Водичот за интернет заштита и безбедност на децата*** е наменет за родители, старатели, згрижувачи, воспитувачи, наставници и сите други лица кои се грижат за децата и работат со нив, учествуваат во нивното образование, воспитување и растење. Може да биде корисен и за стручните лица во центрите за социјална работа во делот на постапување и советување, а особено за воспитувачите во малите групни домови кои се во директна интеракција со децата.

Во време на вонредни услови, со цел заштита на здравјето на луѓето од ковид – 19 вирусот, кога децата најголемиот дел од времето се во своите домови или други алтернативни форми на нивно згрижување и постојано го користат интернетот како за настава и учење, така и за забава, се зголеми потребата од нивна заштита од интернет насилство и безбедно користење на дигиталната технологија.

## 2. Која е целта на овој материјал

- Возрасните кои се грижат за децата, да станат претпазливи за начинот на кој децата го користат интернетот и да создадат услови за нивно безбедно движење во виртуелниот свет;
- Возрасните да се поттикнат да учат за можностите на дигиталната технологија и интернетот, како правилно да се користи, да добијат знаење и да развијат вештини за дигитална писменост и дигитална компентенција;
- Да се поттикнат возрасните да продолжат да истражуваат за важноста, но и ризиците кои со себе ги носи интернетот;
- Да добијат одредени информации и совети на кој начин може да обезбедат и придонесат за безбедно и конструктивно користење на интернетот и дигиталните уреди од страна на децата;
- Добиените информации, знаења и вештини да ги споделат со децата, да придонесат кон нивно дигитално описменување, но и да им помогнат како да се заштитат и безбедно да го користат интернетот.

## *3. Децата во време на интернет*

Интернетот е најголем и неисцрпен извор на информации во историјата на човечката цивилизација, што придонесе кон целосна дигитализација на секојдневното функционирање на човекот. Невозможно е да се одреди големината на интернетот во било кој момент, бидејќи тој постојано се зголемува. Има многу истражувања, анализи и факти за ова тврдење:

| *Во светот:* | *Во Република Северна Македонија* |
|---|---|
| • Пристапот кон интернет во 2019 год. имало 55% од населението во светот;<br>• Во Европа пристап имало 58,8 % од населението;<br>(https://www.internetworldstats.com/stats4.htm)<br>• Во Европа истата година 307.000.000 луѓе имале фејсбук (ФБ) како една од најпосетуваните веб – сајтови, меѓу кои и деца помлади од 13 години;<br>• Просечно време поминато на ФБ е 20 минути неделно, а 50% од популацијата од 18-24 години се вклучуваат на ФБ веднаш кога ќе станат од спиење;<br>• На ФБ дневно се објавуваат 300.000.000 фотографии;<br>• На ФБ има 83.000.000 лажни профили.<br>(https://zephoria.com/top-15-valuable-facebook-statistics/) | • Во 2019 год., 81.8% од домаќинствата имале пристап на интернет од дома;(Државен завод за статистика-ДСЗ)<br>• 72.9% од населението го користеле интернетот секој ден;<br>• Интернет користеле 81.4 % од популацијата на возраст од 15-74 години; (ДЗС)<br>• 9% од децата дневно поминуваат повеќе од девет часа на интернет, 41,2% од два до пет часа, а до два часа 36,1%од децата; (Агенцијата за електронски комуникации,2019 год.-АЕК)<br>• Софтвер за родителска контрола што на децата ќе им овозможи безбеден интернет имаат инсталирано само 8% од домаќинствата;(АЕК)<br>• 6%од осудените лица за педофилија објавени во Регистарот се обвинети за кривични дела: Прикажување на порнографски материјал на дете и производство и дистрибуција на детска порнографија(чл.193и193-а)<br>(registarnapedofili.mk) |

Интернетот го промени детството на милиони деца. Денешните деца интернетот и дигиталните уреди ги користат од најмала возраст, а времето поминато на интернет се зголемува со возраста на децата. Интернетот го обликува секојдневието на децата, нивните активности, начин на кој го поминуваат времето, комуникација, игра, дружење со врсници, учење и стекнување на нови искуства. Интернет сервисите за комуникација и градењето на виртуелниот идентитет на децата станува важен дел за нивното растење.

Но, интернетот носи и ризици и можност за појава на насилство во овој виртуелен простор. За насилство на децата во дигиталното опкружување, неопходно е користење на некој дигитален уред односно паметен телефон, компјутер, таблет со пристап до интернет. За разлика од традиционалните видови насилства каде постои директна комуникација помеѓу насилникот и жртвата, дигиталното насилство се карактеризира со анонимност, иако привидна, која го охрабрува насилникот, а жртвата ја деморализира и заплашува. За дигиталното насилство се  користат и други сродни термини кои ќе се употребуваат во овој материјал и тоа електронско насилство, насилство на интернет, on line насилство, сајбер насилство, малтретирање во дигитален свет.

Затоа еден од најголемите предизвици на родителите, старателите, воспитувачите е како да го прилагодат родителството и грижата за децата во ерата на интернет.



## 4. *Правата на децата во виртуелниот свет*

Конвенцијата за правта на детето е најважен меѓународен документ кој ги штити правта на децата, но креирана, усвоена и ратификувана во време кога интернетот беше во рана фаза на развој. Од тие причини Конвенцијата не ги препознава термините од дигиталното опкружување кое денес е „природно опкружување“ на децата и е многу важно да се обебзеди нивна заштита, приватност, заштита на лични податоци и од други ризици на комерцијална експлоатација и злоупотреба, педофилија, трговија со луѓе. Како резултат на таа потреба Конвенцијата се дополнува со други документи со иста важност, како Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на

деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 12 јули 2007 година, која се ратификуваше во нашата држава во 2010 година. Советот на Европа во 2018 год. усвои Нови препораки на државите членки за правта на детето во дигитално опкружување со цел подобро да се заштитат и охрабрат децата како носители на права и во дигителниот свет. Затоа сите земји треба да го ускладат своето законодавство и политиката за да се осигура адекватно остварување на детските права и нивна заштита во контекст на дигиталното насилство.

## *5. Придобивки и ризици за децата од користење на интернет*

Интернетот од една страна донесе позитивни можности во сферата на комуникација, информирање и едукација, но од друга страна отвори огромно поле за манипулација, злоупотреба и терен за вршење на кривични дела.

| *Интернет можности/придобивки* | *Интернет ризици* |
|---|---|
| учење,бесплатен пристап до образовни ресурси,програми; | зависност од прекумерно користење на интернет и социјална изолација; |
| виртуелни посети на библиотеки,музеи,спортски настани, градови,природни убавини; | изложеност на штетни содржини,сексуални и порнографски содржини,говор на омраза и врбување од предатори; |
| пронаоѓање на корисни информации; | вклученост во дигитално насилство; |
| работа на себе, развивање на таленти, учење на јазици,свирење на инструменти, компјутерски вештини; | изложеност на лажни информации кои може да нанесат штета; |
| комуникација и соработка со врсници од цел свет; | достапност на платформи под пропишаната возраст; |
| користење на видео игри; | контакт со личности кои може сексуално да го злоупотребат детето; |
| истражување во различни области; | споделување на лични податоци и на членови од семејство со други; |
| олеснува учење кај деца со попреченост. | злоупотреба и кражба на лични податоци и друго; |
| забава и рекреација(филм, музика, игри...); | комерцијална експлоатација, огласи, реклами, on line купување/продажба; |
| развивање на различни вештини; | педофилија и трговија со луѓе. |
| споделување на знаења и информации и друго... | контакт со оружје и содржини за радикализација на млади и вклучување во терористички активности и друго... |

## *6. Насилство врз децата во дигиталното опкружување*

Најчестите нус ефекти од новите форми на комуникација на децата и со децата во дигиталното опкружување се препознаваат во различните форми на насилство. Имено, како во реалниот свет, така и во виртуелниот свет, поединецот може да стане и жртва и извршител на одредено општествен неприфатливо однесување. Развојот на технологијата овозможи појава на нови кривични дела на штета на децата, но и старите облици на криминал почнаа да се извршуваат на современ начин. Така искористувањето и насилството врз децата поприми многу различни облици. Насилство преку интерет е ситуација кога детето е изложено на напад од друго лице односно друго дете, група на деца или возрасен/и преку интернет или мобилен телефон. Целта на овој вид насилство е вознемирување, повреда, влевање на страв или било каква друга штета кај децата кои не може да се заштитат од ваквите пораки. Може да се појават во форма на текстуална или видео порака, фотографија или повик. Покрај педофилија, злоупотребата на интернетот се манифестира и преку врсничко насилство, детска порнографија, проституција и трговија со луѓе, како и преку страници кои имаат штетна тематика како самоубиства, анорексија, киднапирање, дрога, тероризам кои може да доведат до повреда на децата, болест дури и смрт.

На интернет, не секогаш личностите што се претставуваат преку своите профили се тие и во вистинскиот живот. Интернетот, преку разни социјални мрежи, овозможува креирање на виртуелни и лажни профили кои што се користат за разни цели.

Сите деца потенцијално може да бидат допрени и повредени од овие теми и да станат жртви. Како случајни, ненамерни посматрачи пребарувајќи по интернет страниците да влезат во некој текст, слика, видео клип или да станат субјекти, жртви на педофили забележани преку некоја објавена фотографија.

Постојат два вида насилство преку интернет: директен напад и индиректен напад преку посредник.

Директен напад е кога на детето му се:

- испраќаат вознемирувачки пораки на мобилен телефон, e-mail или на чет;
- украде или промени лозинката за e-mail или името/прекарот на чет;
- објавуваат невистини, приватни податоци, компромитирачки фотографии на блог, чет или интернет;
- испраќаат вируси, вознемирувачки фотографии, порнографија или друга несакана пошта на e-mail и смс пораки на мобилен телефон;

- лажно се претставува како друго дете или возрасно лице.

Индиректен напад е кога напаѓачот го атакува детето преку трето лице (кое може да не биде свесно дека е искористено) и тоа:

- посредникот ја дознава лозинката на e-mail адресата на детето или име/прекар на чет, ја користи за испраќање на вознемирувачки пораки кон неговите пријатели и остава впечаток дека детето жртва всушност е тоа кое злоупотребува. Пријателите ќе го отфрлат, родителите ќе преземат мерки, ќе му го исклучат интернетот...а не се свесни дека се посредници во злоупотребата на нивното дете. Нападот преку посредник е најсериозен и најопасен вид на насилство преку интернет, бидејќи често вклучува возрасни лица со лоши намери и најчесто со порнографски содржини.



## *7. Дефинирање на клучни поими значајни за интернет насилство*

| | |
|---|---|
| ***Дигитално насилство (англ. Digital violence)*** | Користење на дигитална технологија со цел да се вознемири друга личност, повреди, понижи, уцени или да и се нанесе штета преку интернет или други електронски медиуми. Во себе ги содржи сите видови насилство од експлоатација, физичка тортура, вербално, емоционално, сексуално злоупотребување. Се користат и други сродни термини: електронско насилство, насилство на интернет, on line насилство, сајбер насилство, малтретирање во дигитален свет и др. |
| ***Груминг (англ. Grooming)*** | Контакт со деца по пат на интернет кој вклучува низа предаторско мотивирани постапки, односно активности чија намера е воспоставување на комуникација и добивање на доверба, а како крајна цел е физички пристап и контакт, односно сексуална злоупотреба на детето. |

| | |
|---|---|
| ***Идентитет на интернет (анг. Identity on the Internet)*** | Идентитет кој се формира врз основа на фотографија, текстуални содржини, аудио и видео содржини за личноста која сама (или некој друг) ги поставува на интернет. |
| ***Лажен идентитет на интернет (англ. False identity on the Internet)*** | Слика која личноста ја креира за себе на интернет, а која не одговара на реалноста. |
| ***Експлицитни содржини на интернет (англ. Explicit content on the Internet)*** | Непожелни содржини, на пр. експлицитни сексуални и порнографски содржини, насилни содржини на интернет и сл. |
| ***Интернет предатор (англ. Internet predator)*** | Личност која користи интернет ( социјални мрежи, соби за чет, on line игри) за да воспостави контакт со деца и млади, со цел нивно лично задоволство преку злоупотреба или сексуално искористување на децата. Најчесто користат прекари, градат пријателства, делат исти интереси за да се доближат до децата. |
| ***Секстинг (англ. Sexting)*** | Поставување на интернет или праќање фотографии, пораки или видео-снимки со експлицитни сексуални садржини, со цел сексуално вознемирување, освета или друга агресија. |
| ***Четување (англ. Cheating)*** | Форма на комуникација помеѓу два или повеќе корисника кои во исто време се на мрежа, по пат на компјутер или друг дигитален уред како паметен телефон, таблет кој се одвива во „реално време”. Денес се достапни голем број на апликации за четување (на пр. Viber, WhatsApp, Skype и сл.) |
| ***Пренос во живо во реално време (англ.Live streaming)*** | Сексуална злоупотреба на деца која се одвива во реално време и настанува кога детето е принудено да се појави пред web-камера и да се вклучи во експлицитно сексуално однесување или да трпи сексуална злоупотреба. Овие содржини по пат на интернет се пренесуваат до сторителот или купувачот кој платил за да гледа или бара одреден вид на злоупотреба која ја гледа во реално време. |
| ***Шерување (англ. Sharenting)*** | Делење на лични информации и фотографии на деца на интернет (најчесто на сајтови за социјално вмрежување, блогови) од страна нивни родители/старатели. |

| | |
|---|---|
| ***Хакерство (анг.Hacking)*** | Високо-технолошки криминал, кога хакерите своето напредно компјутерско знаење го користат за неовластено влегување во туѓи компјутерски системи за да нанесат штета и остварат корист.Кај младите овој термин се користи кога едни на други ја откриваат лозинката. |
| ***Родителска контрола (англ. Parental control)*** | Технички мерки за заштита кои овозможуваат возрасните да ги заштитат децата во тек на користење на интернет и тоа преку ограничување на времето кое го поминуваат на интернет или содржината до која имаат пристап, како и активноста на детето на интернет (оневозможување четување со непознати личности, трошење на пари на апликации и сл.) |

## *8. Препознавање на дигиталното насилство врз децата*

Сознананието за постоење на дигитално насилство врз децата односно препознавање на истото е прв чекор во нивна заштита. Помалите деца немаат доволно развиени когнитивни и емоционални капацитети за да ги разберат тие содржини, но ќе ги перцепираат како насилни, ќе бидат вознемирени и збунети и може да останат последици врз нивниот психички развој. Адолесцентите понекогаш се мотивирани да гледаат поекспплицитни содржини од љубопитство, бидејќи се во период на созревање и се буди нивната сексуалност. Но навлегувајќи се подлабоко во овие содржини може да станат таргет на насилникот и да се јави чувство на осаменост во проблемот, вознемиреност, страв од негативни последици, како ќе објаснат на возрасните особено ако им било забранетo користење на интернет и сл.

Иако има индивидуални разлики во начинот на реагирање, постојат одредени знаци кои отстапуваат од вообичаеното однесување на децата врз оснава на кои може да се заклучи дека децата трпат дигитално насилство. Тие се:

- Покажуваат вознемиреност при или по користење на интернет;
- Неочекувано ги менуваат своите навики при користење на дигиталните уреди, стануваат попретпазливи, преземаат мерки на заштита и сл.;
- Се криjат, брзо менуваат страна која ја прегледуваат кога ќе им се доближи возрасен, го криjат мониторот, ја бришат историјата на пребарување;
- Делуваат отсутно, нерасположено, несигурно, избегнуваат другарување со врсници;

- Немаат мотивација за учење, имаат проблеми со концентрација и го намалуваат училишниот успех;
- Ако училиштето го чувствуваат како небезбедно место, ја напуштаат наставата;
- Може да користат алкохол или дрога;
- Да пројават психосоматски симптоми (главоболки, мачнина во стомак, кошмари, суицидни мисли и сл.).

## *9. Спречување на дигиталното насилство врз децата и негово пријавување*

Во ситуација на препознаено насилство од страна на возрасен или кога децата сами ќе препознаат и ќе кажат некому, неопходна е брза реакција на прекинување на насилството и барање на помош.

Првиот чекор е да се обезбеди сигурна средина на атакуваното дете, да се почувствува безбедно и да се воспостави атмосфера на доверба и поддршка. Ако родителот или друго возрасно лице кое се грижи за детето препознае знаци на дигитално насилство треба да ги преземе следните чекори:

- Не одговарајте со насилни, запретувачки или друг вид сомнителни пораки, мејлови или телефонски повици кон сомнителниот профил;
- Не ги бришете пораките или сликите кои може да послужат како доказ;
- Контактирајте полиција и пријавете дигитално насилство особено ако пораките содржат детска порнографија, запретување, уцена, заплашување;
- Може да се контактира и интернет операторот и да се извести, иако тоа задолжително ќе го направи полицијата.

Информациите кои детето му ги дало на возрасното лице (родител, старател, наставник, воспитувач) на кое му го открило насилството, треба да бидат основа за да се пријави насилството во полиција или центар за социјална работа.

При реакција на преставниците на институциите потребно е да се постапува согласно Законот за правда на децата и Заедничкиот протокол за постапување во случаи на занемарување и злоупотреба на деца. Во центрите за социјална работа да се постапува согласно „Прирачникот за интегрирано водење на случаи“, а во насока на заштита на правата и интересите на детето.

Кога е во прашање овој вид на насилство може да внесе одредени дилеми, несигурност и непознаници кај стручните лица при постапување, бидејќи се уште немаат големо искуство на ова поле. Но

дигиталното насилство не е многу поразлично од традиционалните форми на насилства врз децата, а често дигиталното насилство може да доведе до физички контакт со насилникот и повреда на детето. Затоа постапувањето е идентично и во насока на брза интервенција, заштита на детето, добра проценка на потребите, ризиците и потенцијалите на детето и давање на планирана психо-социјална поддршка, а по потреба здравствена заштита. При тоа треба да се почитуваат начелата за заштита на дете жртва на кривично дело, односно итност во постапувањето, едно интервју со видео-аудитивен запис и избегнување на повеќекратни разговори со детето заради заштита од секундарна виктимизација, учество на детето и негово информирање во сите постапки и меѓусебна соработка и известување на вклучените институции. Сите докази до кои може случајно да дојдат стручните лица од центрите за социјална работа како информации или материјали, важно е да бидат предадени на полицијата или јавниот обвинител во чии рамки има оддели кои се занимаваат со дигитално насилство врз деца.



## *10. Грижа за децата и родителство во ера на интернет*

Појавата на интернетот го промени начинот на живот и во иднина секојдневно ќе го менува. Сепак, суштината на грижата за децата и родителството останува иста и непроменета. Значи родителите и другите возрасни лица кои се грижат за децата, како што се грижат за заштита на здравјето на децата (иако не се професионални доктори), за нивното образование (иако не се наставници), начин на однесување (иако не се педагози, психолози, социолози), исто така иако не се информатичари, ќе научат да се грижат и за дигитално описменување на децата и нивна заштита од интернет насилство. Кога родителите ги учат децата да пливаат, не ги фрлаат веднаш во вода и оставаат сами да се снајдат, туку им покажуваат, објаснуваат, им даваат поддршка со гума, инструктор, се додека не се сигурни дека научиле и ја совладале вештината на пливање. Дури и кога ќе научат, одредено време родителот ги надгледува децата додека постепено не се осамостојат.

Исто е и со интерентот, од родителот се очекува да ги направи првите чекори во негово користење и на дигиталните уреди и да посредува при користење на истите од страна на децата се додека не е сигурен дека децата се подготвени (интелектуално, социјално, емоционално, едукативно) за самостојно користење. Потребно е да биде нивни дигитален ментор. Тоа не значи дека треба да е експерт за технологија, туку добар познавач на своето дете и на неговите потреби.

### - *Совети за родители, старатели, згрижувачи, воспитувачи, наставници за заштита на децата од дигитално насилство -*

1. Применувајте ги принципите на позитивно родителство: приврзаност на родителот со детето, почитување на детските потреби и права, проактивно родителство, емпатично водство и позитивна дисциплина. На тој начин може да им се доближите на децата, да градите договор, да станат соработливи, без да даваат отпор и несогласување;
2. Воспоставете правила на користење на интерент и дигиталните уреди. Заедно со децата утврдете кој и по колку време ќе го користи на ден, во кои случаи не се користи, како ќе се постапи во непредвидливи ситуации надвор од договорот, кои се привилегиите, а кои последиците. Останете доследни на договореното;
3. Бидете отворени со децата и мотивирајте ги на соработка. Разговарајте за теми кои може да ги „научат“ на интернет на несоодветен начин, за љубовта и сексуалноста, за да може да бидат отворени и да ви се обратат ако наидат на проблем. Поважно е децата да се научат сигурно да одат во виртуелниот свет, отколку постојано да ги држите за рака;
4. Учете ги децата како да го користат интернетот и дигиталните уреди и да ги препознаат ризиците. Научете ги на социјалните мрежи да се однесуваат како и во реалниот живот, бидејќи и таму важат истите вредности и правила, да не контактираат со непознати лица и да не примаат подароци (игрици, карти, дополна за мобилен телефон и сл.). Често разговарајте отворено со нив за тоа што правеле, виделе и со кого контактирале на интернет, а повремено потсетувајте ги на ризиците и правилата;
5. Учете ги децата од најмала возраст да не споделуваат приватни информации, лични податоци и интимни размислувања;

6. Подесете ги дигиталните уреди и социјални мрежи на максимална можна приватност. Користет ги препорачаните алатки или консултирајте се со операторите на интернет;
7. Внимателно со споделување (шерување-Sharenting), бидејќи насилникот истражува и следи на сите форуми што детето споделува и со кого разговара;
8. Реагирајте брзо и навремено ако детето е вознемирено од некој друг. Дознајте каква комуникација е користена, не ги бришете пораките, разговорите, мејловите, бидејќи можат да бидат доказ. Меѓу другите содржини ако откриете експлицитни сексуални и порнографски содржини, задолжително пријавете во полиција;
9. Ако некој друг корисник им бара фотографија на децата, вклучето го алармот- зошто, како, кој. Разговарајте со децата, научете ги да ви кажуваат ако некој почне да им запретува, уценува, повредува;
10. Научете ги децата да прекинат сомнителна комуникација со непознати лица и блокирајте ги. Под сомнително се мисли на непријатен разговор, ако нешто им наметнува што не го сакаат, инсистира да вклучат некој филм и сл.;
11. Научете ги да го препознаат потенцијалниот насилник. Обично тие имаат лажни профили, но да го препознаат по неговото однесување, по начинот и содржините на поставуваните прашања, ако избегнува да одговори на прашања за него и по секоја цена сака да се доближи до децата;
12. Почитувајте ја нивната независност, интереси и активности ако се соодветни на нивната возраст;
13. Доколку имате ситуација да детето инсистира да се запознае со другар/ка од интернет, нагласете дека тоа мора да е на јавно место и на првата средба задолжително со себе да поведе другар/ка или возрасно лице. Надгледувајте ја оваа ситуација, без да ја нарушите приватноста на детето;
14. Научете ги децата да не проследуваат непримерни коментари и содржини кои содржат навреди, говор на омраза и кои можат некого да навредат или да изгубат пријател. Да бидат фер играчи во виртуелниот полигон;
15. Научете повеќе за можностите на дигиталните уреди, основните поими кои се користат во виртуелниот свет, за да може да разговарате со децата за нивните активности и искуства;
16. Информирајте се за програмите кои филтрираат веб страници кои не сакате да бидат достапни до децата. Може да ангажирате стручно лице за да ги аплицира, но мора да се нагласи дека ниту еден програм не е совршен, туку може да се сфатат како помошни алатки.

Сепак најдобар филтер е присуство на родител, стартел, згрижувач, воспитувач, пристоен надзор, објаснување и поддршка. И секако сите совети да се селектираат при примена и да се земе предвид индивидуалноста на секое дете, неговите потреби, возраст како и минатите предизвици кои сте ги имале со него.

Овие совети се основни за градење на доверба на децата со возрасните, поттик за соработка, отвореност и охрабрување на децата да се доверат некому. Секако овие совети се надоградуваат постојано и секојдневно, како што растат можностите на интернетот. Но најважно е за да децата го пријават насилството да поседуваат доволно знаења за да го препознаат, а потоа и да реагираат. Затоа многу е важен образовниот систем кој треба на децата да им овозможи дигитална писменост, а безбедноста на интернет е негов составен дел. Само така од пасивни набљудивачи на дигиталното насилство, децата ќе станат проактивни и охрабрени да пријават.

Краток тест!

За да родителите/старателите/воспитувачите проверат дали интернетот и дигиталните уреди кои ги користат децата се соодветни на нивните развојни потреби, треба да одговорат на следните 3 прашања:

- Каков е квалитетот на содржината која е достапна на децата, дали го поттикнува когнитивниот развој, креативноста, развива интереси, способности, таленти?
- Во кој контекст се користи интернетот? Дали децата пред, за време и по користење на интерентот имаат можност да разговараат со возрасни или врсници и да споделат што доживеале или виделе?
- Дали интернетот и дигиталните уреди се ускладени со потребите, способностите и интересите на децата, односно со нивните лични карактеристики?

**Ако одговорот на сите три прашања е потврден, тогаш сте на прав пат!**

Користена литература:

1.https://www.unicef.org/northmacedonia/sites/unicef.org.northmacedonia/files/2019-01/MK_CP_FairParentFairChildGuidebook_MK.pdf

2. http://bezbednonainternet.org.mk/content/view/41/50/lang,mk/

3. (https://www.internetworldstats.com/stats4.htm)

4. (https://zephoria.com/top-15-valuable-facebook-statistics/)

5. http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=9

6. http://aek.mk/en/

7. registarnapedofili.mk

8.Eksploatacije dece na internet, Save the children International.

**Изработила:**
**д-р на педагошки науки**
**Невена Петровска**